# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.39 од 22.03.2012 година**

**Член 1**

Во Законот за даночна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009, 133/2009, 145/10, 171/10 и 53/11), насловот пред членот 151 се менува и гласи: "Продажба на движни предмети по пат на јавна аукција".

Ставот (1) се менува и гласи:

"Продажба на движни предмети може да се врши по пат на усна јавна аукција и јавна аукција по електронски пат."

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

"(4) На јавна аукција може да учествуваат само лица кои депонирале депозит во висина од 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет, на депозитната сметка на Управата за јавни приходи.

(5) На понудувачите чија понуда не е прифатена, им се враќа депозитот."

Во ставот (4) кој станува став (6) зборот "усната" се брише.

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (7), (8), (9) и (10).

**Член 2**

Насловот пред членот 155 се менува и гласи: "Продажба на недвижност по пат на јавна аукција".

Ставот (1) се менува и гласи:

"Продажба на недвижност се врши од страна на Управата за јавни приходи по пат на усна јавна аукција и јавна аукција по електронски пат."

Во ставот (2) зборот "усната" се брише.

Во ставовите (6), (7), (8) и (10) зборот "усна" се брише.

**Член 3**

Во членот 175-з став (5) бројот "(3)" се заменува со бројот "(4)".

Во ставот (6) бројот "(4)" се заменува со бројот "(5)".

Во ставот (7) бројот "(2)" се заменува со бројот "(3)".

Во ставот (8) бројот "(6)" се заменува со бројот "(7)", бројот "(2)" се заменува со бројот "(3)", бројот "(3)" се заменува со бројот "(4)", бројот "(4)" се заменува со бројот "(5)" и бројот "(5)" се заменува со бројот "(6)".

Во ставот (9) бројот "(7)" се заменува со бројот "(8)".

Во ставот (10) бројот "(8)" се заменува со бројот "(9)".

Во ставот (11) бројот "(9)" се заменува со бројот "(10)".

Во ставот (12) бројот "(7)" се заменува со бројот "(8)".

Во ставот (13) бројот "(4)" се заменува со бројот "(5)".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".